Институт за европска политика – Скопје
European Policy Institute – Skopje
Instituti për Politikë Evropiane – Shkup

Анализа

# ИСТА ПРЕПОРАКА, НОВА ПОРАКА

## *Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2012 година под лупа*

октомври 2012

European Policy Institute,
Dame Gruev 28/V 1000 Skopje
Republic of Macedonia

www.epi.org.mk

Tel. +389(2)6145130
Fax.+389(2)6145120
E-mail: contact@epi.org.mk

Овогодишниот извештај и пораките на Европската комисија предизвикаа сосема спротивни реакции во Република Македонија од минатогодишните. Доминираат оценките за „позитивен извештај“ и се поздравуваат напорите на Комисијата. Владата ја искористи приликата да го оцени овој извештај како *„најпозитивен досега“*. Сликата е многу различна од пред една година, кога комесарот Филе беше директно критикуван дека со Извештајот се врши притисок врз Македонија за спорот со името со Грција, а Владата ги отфрли како „пренагласени“ забелешките за судството, јавната администрација, борбата против корупцијата, слободата на изразување.[1] За силна (и за ова прашање едногласна) реакција тогаш придонесе отсуството на придавката „македонски“ во Извештајот. Секако дека враќањето на придавката „македонски“ оваа година (па макар и на само две места, за означување на институции) не е единствената причина за повисок степен на прифатливост на Извештајот.

Што е тоа што го прави овој Извештај различен од претходните три, кои исто така, водеа кон препорака за почеток на преговорите*? Тоа е зголемениот политички ангажман на Европската комисија, особено нејзиниот комесар за проширување Штефан Филе*. Базирајќи се на идентичната оценка како и во досегашните извештаи - дека “политичките критериуми се исполнети во задоволителна мера“, таа го поттикнува Советот да донесе одлука, повикува на „силен политички ангажман од сите страни“ пред Европскиот совет, изразувајќи подготвеност да изработи Рамка за преговори во која спорот за името би се решил во „рана фаза на преговорите“.[2] Аргументите што се даваат во таа насока се дека следниот чекор за Република Македонија е неопходен за да се „консолидира темпото и одржливоста на реформите, да се отстранат ризиците од регрес во процесот, како и да се зајакнат меѓуетничките односи“. Не изостанува ни аргументот на кредибилитет на ЕУ, како и регионалната компонента – дека тој чекор би претставувал охрабрување за другите држави од регионот.“ [3]

Изразено различниот тон и порака од Пакетот за проширување оваа година за Репубика Македонија секако се должи на еден поангажиран пристап на Комисијата. Според нас, неколку причини придонесуваат за таквиот пристап:

– Првата е очигледната неодржливост на *status quo* во односите на Република Македонија и Европската унија, која не носи ништо добро ни за Република Македонија ни за Унијата.[4] Институциите на ЕУ, во ситуација на блокада во Советот, самите се лишуваат од своите основни инструменти на политиката на условеност во проширувањето – наградата и казната. Влијанието на ЕУ врз политиките во Република Македонија значително се намали, исто како и довербата на македонските граѓани во ЕУ. Очигледно е проценет како висок ризикот од регрес, кој може да уништи сé она што е веќе постигнато во по-обемното досие на односите меѓу Република Македонија и ЕУ.

---

[1] Изјава на претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски по повод Извештајот на ЕК за Република Македонија за 2011 година (според МИА, 12 октомври 2011 година „Груевски: И покрај блокадата поради името, не отстапуваме од реформите и евроинтеграцијата“), http://www.mia.com.mk/default.aspx?vId=87554357&lId=1

[2] European Commission, Brussels, 10.10.2012 COM(2012) 600, Communication from the Commission to the European Parlia-ment and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013, {SWD(2012) 331}{SWD(2012) 332}, {SWD(2012) 333}, {SWD(2012) 334}, {SWD(2012) 335}, {SWD(2012) 336} {SWD(2012) 337}

[3] Ibid.

[4] На неодрживостана *status quo* предупреди ЕПИ во коментарот за минатогодишниот извештај: Република Македонија и ЕУ: ризикот на *status quo* http://www.epi.org.mk/docs/epi_commentary_ec_report_2011_en_final.pdf

– Европската комисија, а особено нејзиниот Директорат за проширување, како надлежна институција за проширувањето и самата е заинтересирана да покаже успех во својата мисија. Во услови кога климата за проширување меѓу државите членки не е најповолна, а шансите на Комисијата да покаже поголем успех со, на пример, Турција, Србија или Босна и Херцеговина се поограничени, Македонија се наметнува како вредна за повторен обид. Оттаму и решението да се даде „обновен поттик“ за решавање на прашањето на името со Грција.

– Неодминливо е и прашањето на кредибилитетот на ЕУ. Ако една држава четири години добива препорака за преговори, а тие не може да започнат поради прашање кое е надвор од Копенхагенските критериуми, штетата за ЕУ од вредносен аспект е сепак голема. За тоа неодминливо придонесува и пресудата на Меѓународниот суд на правдата од декември минатата година за прекршувањето на Привремената спогодба од страна на Грција од декември 2012 година, колку и да се избегнува ова прашање во реториката на официјалните претставници на ЕУ.

## Катализаторот наречен Пристапен дијалог: „Полуполна чаша“

На Комисијата ѝ беше неопходен дополнителен инструмент за да може да го врати процесот „во позитива“ по минатогодишното „замрзнување“. Затоа редовниот дијалог меѓу двете страни беше „спакуван“ во ново руво - Пристапен дијалог на високо ниво“ (ПДВН). Клучната разлика од вообичаениот билатерален политички дијалог во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација беа подигнатото политичко ниво и фреквенцијата на дијалогот (зачестени средби премиер – комесар) за усогласено поставените цели на Дијалогот. Од самиот почеток, јасно беше дека целта на ПДВН е да се врати европската агенда во националната агенда, и да се зајакне аргументацијата на Комисијата за да се одржи „чиста“ препораката за членство. Тоа, на крајот ги даде планираните резултати - констатацијата дека ПДВН послужил како „катализатор за забрзување на реформите и придонел за значителен напредок во неколку области на политиката“.[5]

> *Дијалогот на високо ниво ја смени климата. Меѓутоа, и така не претерано амбициозните цели на владиниот Патоказ до објавувањето на Извештајот се повеќе „активности во процес“ .*

*Реално не претерано амбициозните цели поставени со владиниот Патоказ кој произлезе од ПДВН до објавувањето на Извештајот се повеќе „активности во процес“ одошто крајни резултати:* предложена законска рамка за избори, ревизија на избирачки список во тек, предложен закон за граѓанска одговорност за клевета, итн. Сепак, самата констатација дека Пристапниот дијалог на високо ниво ја „поставил европската интеграција во центарот на владината агенда“ придонесе за значително менување на политичкиот тон на Извештајот, што конечно овозможи чашата да се гледа како „полуполна“, а не „полупразна“.

[5] European Commission, Brussels, 10.10.2012 COM(2012) 600, Communication from the Commission to the European Parliament and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013, {SWD(2012) 331}{SWD(2012) 332}, {SWD(2012) 333}, {SWD(2012) 334}, {SWD(2012) 335}, {SWD(2012) 336} {SWD(2012) 337}, стр. 13.

*Аргументите дадени во прилог на препораката истовремено се и најизразените пораки и опомени до политичката елита во Република Македонија: преформулирани, тие можат да се читаат и како „не е консолидирано темпото на реформите и тие не се одржливи“; „реален е ризикот од регрес во процесот“; „меѓуетничките односи не се доволно силни“.*

*Меѓуетничките прашања се третираат како приоритет, но со голема доза на внимателност - повеќе поттикнувачки, одошто критички*. Видливо е дека се поаѓа од проценката дека европската агенда претставува допирна заедничка точка, „лепак“ за осетливите меѓуетнички односи, како и еден од столбовите на коалициската влада. Затоа се оддава признание за реакцијата на Владата на „мирен и одмерен начин“[6] по пролетните инциденти, како и за усвоениот Извештај за спроведувањето на Рамковниот договор. Сепак, не се пропушта да се препорача решение за статусот на жртвите од 2001 година, како и натамошни мерки за спроведување на Рамковниот договор, јакнење на меѓуетничките односи и помирување, а особено за мерки за интеграција на Ромите.[7]

## Реалност: континуитет

*Подеталната анализа на самиот Извештај не укажува на значителни промени во процесот на интеграција – ниту во неговата содржина, ниту во неговата динамика.*

Клучните оценки за секој од Копенхагенските критериуми не се променети.

*Status quo* останува и за втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Не доживеаја промени ни клучните оценки за трите копенхагенски критериуми. Основната оценка за политичките критериуми е идентично формулирана како и порано: *„во задоволителна мерка ги исполнува политичките критериуми“.*[8] *Владеењето на правото се задржува на преден план. И за економските критериуми останува оценката „значително напреднати“, но сé уште не и дека имаме функционална пазарна економија. Во поглед на преземањето на обврските од членството се констатира добро ниво на усогласеност во оваа фаза на процесот на пристапување, но останува старата болка – спроведувањето.*

*Status quo* останува и за втората фаза на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, која не може да биде воспоставена повторно поради блокадата на Грција во Советот. Прашањето само се констатира во Извештајот, веројатно останувајќи за решавање во „политичкиот пакет“.

Дека нема место за некаква глорификација на оценките на овогодинешниов извештај покажуваат и квалитативната и квантитативната анализа на содржината

[6] Ibid, p. 15.
[7] Ibid, p. 16.
[8] European Commission, Brussels, 10.10.2012 COM(2012) 600, Communication from the Commission to the European Parliament and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013, {SWD(2012) 331}{SWD(2012) 332}, {SWD(2012) 333}, {SWD(2012) 334}, {SWD(2012) 335}, {SWD(2012) 336} {SWD(2012) 337}, стр. 13.

на Извештајот.[9] Сепак, само квантитативната анализа на оценките на напредокот, особено во политичките и економските критериуми, може да води до погрешни заклучоци, зашто битна е појдовната состојба претходната година. На пример, анализата на содржината за политичките критериуми за периодот 2009-2012 година покажува дека оценките за напредокот во 2009 година биле повисоки, за разлика од оние следните две години, па и во 2012 година, кои, пак, се поповолни од минатите две. Но, колку е ова релативно покажува примерот дека во 2009 година е констатиран „добар напредок" за избори, но споредбата е направена со назадувањето во изборите од 2008 година. Фактот што во Извештајот во делот за политичките критериуми оценките за нивото на усогласеност и за напредокот се користат променливо води кон неконзистентни толкувања и нашироко се користи за домашни политички цели.

*Во оценките на напредокот на политичките критериуми оваа година нема „великодушност", но нема ниту „драматичност".* Тоа се однесува и за сите прашања содржани во ПДВН. *Видливо е дека прогрес има во подрачјата кадешто се совпаѓаат приоритетите на Владата и европската агенда, а тој отсуствува онаму кадешто тие не се совпаѓаат.* Така, ако е поволна оценката за ефикасноста на судството, тоа не е случај и со гарантирањето на неговите независност и квалитет. Во јавната администрација има напредок, на пример, за е-услуги, но опстојува клучниот проблем на „транспарентност, професионалност и независност на јавната администрација".[10] Оваа година поексплицитна е критиката за вработувањата на припадниците на заедниците кои не се во мнозинство „врз квантитативна основа"[11]. „Мал видлив напредок" се гледа во крајните резултати на анти-корупциските мерки. Остра е критиката за јавните набавки, кај кои се оценува дека корупцијата претставува „сериозен проблем"[12], наспроти традиционално високите оценки за напредокот и нивото на усогласеност на законодавството за јавните набавки со она на Унијата. Во поглед на слободата на изразувањето, признанието за дијалогот меѓу Владата и новинарите, го следат барањата за недискриминаторен и транспарентен пристап на Советот за радиодифузија, транспарентност на владиното рекламирање и работничките права на новинарите. Веројатно е дека овие препораки ги поставуваат следните одредници во процесот, независно дали тој ќе се одвива во рамките на преговорите или на некој нов, односно продолжен дијалог.

*Економските критериуми најмногу одразуваат континуитет со поранешните извештаи – и во позитивните и во негативните аспекти.* Во позитивно светло остануваат макроекономската стабилност, солидната монетарна политика, натамошно олеснување на влезот и излезот од пазарот. Се повторува констатацијата за ограничена диверзификација на економските активности, но се забележува подобрена структура на извозните добра. Останува ограничената конкуренција во мрежните индустрии, како и ограничениот пристап до капиталот на малите и средни

[9] Спордливоста на извештаите ја овозможува воедначената структура и методологија што Комисијата ги применува во креирањето на Извештајот.Во секој критериум, на ниво на поткритериуми/делови од поглавја се регистрираат и оценуваат релевантните настани, се даваат препораки, а оценките се воедначено формулирани, а потоа и сублимирани на ниво на поглавје. Се оценува напредокот, како и степенот на усогласеност со политиките и правото на ЕУ. Напредокот се споредува во однос на изминатиот извештај, додека степенот на усогласеност во однос на потребното ниво за членство во Унијата. Во политичките и економските критериуми не секогаш се дава оценка за нивото на усогласеност.
[10] European Commission, Brussels, 10.10.2012, SWD(2012) 332, Commission Staff Working Document, Republic of Macedonia 2012 Progress Report *accompanying the document* Communication from the Commission to the European Parliament and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013 {COM(2012) 600}, стр.10
[11] Ibid, стр. 9.
[12] Ibid, стр. 12.

претпријатија. Најкритични прашања и натаму се невработеноста и владеењето на правото, вклучувајќи ја и недоволната независност односно капацитет на повеќе регулаторни тела. Комисијата, за разлика од минатата година, избегнува да го спомене проектот „Скопје 2014“. Меѓутоа, оваа година, покрај повторената критика за лошиот квалитет на јавната потрошувачка, се забележува „значително влошување“ на буџетското планирање и управувањето со јавните расходи.[13] Зачудува фактот што државата не поднела фискална нотификација до Комисијата, што е обврска на држава кандидат.

Во третиот копенхагенски критериум - преземањето на обврските од членството – структуираноста на оценките овозможува поиздржана споредливост. Анализата на извештаите од 2009 до 2012 година покажува сличен среден напредок – од 2,58 до 2,63 (на скала од 0 до 5). Нивото на усогласеност се покачува од 2,70 до 3,14.[14] Тоа значи дека *нема големи осцилации во интензитетот на реформите*. Сепак, проблематично останува оценувањето на усогласеноста, бидејќи произлегува дека има напредок во однос на изминатата година, а стагнација на нивото на усогласеност. Тоа може да е резултат на познатата законитост дека правото на Унијата за државите кандидати е „подвижна цел“ – како што државата кандидат го усвојува целото дотогашно право на Унијата, така тоа и натаму се произведува. *Меѓутоа, многу поверојатно е дека оценките не се доволно прецизни - процесот на апроксимација се одвива во подолг период при отсуство на скрининг, а ангажманот на службите на Комисијата не е подеднаков како за држава која е во процес на преговори.*







Поглавјата кои се поврзани со првата фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација генерално постигнуваат повисок степен на усогласеност (на пример Царинска унија, Надворешни односи, Јавни набавки, Конкуренција, Слободно движење на стоки), што е и логично. Позабележлив е оваа година напредокот во областа на слободно движење на стоките (особено на полето на стандардизацијата, акредитацијата и метрологијата). Ова е позитивно заради обезбедување компатибилност на производите со барањата на пазарот на ЕУ. Добар е напредокот и нивото на усогласеност во областа на конкуренцијата. Исто така, позначителен е и прогресот во поглавјето на безбедноста на храната и ветеринарната политика, но за жал во ова тешко поглавје фитосанитарната политика веќе традиционално заостанува. Опстојуваат критиките за социјалната политика и вработувањето, како и во тешкото поглавје на животната средина, во кои нискиот административен капацитет се смета за клучен ограничувачки фактор. Заострени се критиките за поглавјата Регионална политика и координација на структурните инструменти и Финансиска контрола, што

[13] Ibid, стр. 22.
[14] Анализата се заснова на квантификација на стандардизираните оценки во заклучокот од секое поглавје, но уделот на поглавјата во средната оценка е пондериран според нивната тежина и обем.

загрижува поради тоа што овие поглавја се поврзани со подготвеноста за користење на фондовите на ЕУ, односно ИПА. Во одредени области се забележува и повлекување од веќе постигнатата усогласеност – таков е случајот со затворањето за конкуренција на железничкиот сообраќај до пристапувањето. Ова е очигледен пример на влијанието на забавувањето на темпото на пристапувањето врз реформите.

Најмногу загрижува фактот што во усогласувањето со политиките и правото на ЕУ нема квалитативен исчекор. *Преовладува формалното преземање на acquis, консултацијата со засегнатите страни е ограничена, а оценката на влијанието на регулативата се спроведува "несистематски".*[15]

*Ако прашањето на името и натаму претставува „катализатор" на политичкото врамување на македонскиот евроинтегративен процес, Копенхагенските критериуми ќе бидат целосно компромитирани.*

## Ризици

Како заклучок, содржината на овогодишниот извештја на ЕК, не е значително различна од поранешните. Она што го направи Извештајот различен беше рамката и формулацијата на оценките во политичките критериуми, кои, пак беа резултат на фактот што патот кон интеграција Владата и Комисијата, претставени од премиерот и комесарот за проширување, го изодеа заедно – во процес на дијалог за избрани одредници. Вистинското прашање е во која мерка суштината на реформските напори засновани на Копенхагенските критериуми ќе биде понатаму предмет на „прекројување и прерамување", во зависност од политичките согледувања поврзани со прашањето за името. Со други зборови, ако прашањето на името и натаму претставува „катализатор" на политичкото врамување на македонскиот евроинтеграциски процес, Копенхагенските критериуми ќе бидат компромитирани.

.

[15] European Commission, Brussels, 10.10.2012, SWD(2012) 332, Commission Staff Working Document, Republic of Macedonia 2012 Progress Report *accompanying the document* Communication from the Commission to the European Parliament and the Council Enlargement Strategy and Main Challenges 2012-2013 {COM(2012) 600}, стр.9.

**ИЗВЕШТАЈ НА ЕК ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2012 –**

ПРЕГЛЕД НА ЗАКЛУЧОЦИ И ОЦЕНКИ

| **Критериум/ Поткритериум/ Поглавје** | **2009** | | **2010** | | **2011** | | **2012** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМ** | | | | | | | | |
| ***I.1.1.Демократија и владеење на правото*** | | | | | | | | |
| Имплементација на Охридскиот рамковен договор | напредок | 3 | определен напредок | 2 | определен напредок | 2 | [16] | |
| Избори | Добар напредок, исполнети најголем дел од меѓународните стандарди. | 3 | Владата продолжи со разгледувањето на препораките на ОБСЕ за изборите од 2008 и 2009 година. | | Напредок во спроведувањето на изборите.Изборите беа компетитивни, транспарентни и добро админситрирани во целата земја. | 3 | Доставена легислатива во Собранието на разгледување | 3 |
| Политички дијалог | добар напредок | 4 | определен напредок | 2 | определен напредок | 2 | [17] | |
| Парламент | добар напредок | 4 | натамошен напредок | 3 | определен напредок | 2 | одржано фунционирањето на Собранието и политичкиот дијалог; силна поддршка на ПДВН | 3 |

[16] Не е посебно издвоен во овој дел во овогодишниот Извештај.

[17] Не е посебно издвоен во овој дел во овогодишниот Извештај, политичкиот дијалог се третира во рамките на Собранието.

| Критериум/ Поткритериум/ Поглавје | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извршна власт | стабилна владина коалиција, ефикасно функционирање | 4 | стабилна владина коалиција; надминува разлики со соработка | 3 | надминала разлики, зајакнала соработка | 3 | соработката во коалицијата продолжила и успеала во ставањето на процесот на пристапување во центарот на политичката агенда. Зрелост во справувањето со меѓуетничките тензии. | 3 |
| Јавната аминистрација | одреден напредок | 2 | одреден напредок | 2 | напредок во рамка, ограничен напредок во имплементација | 2 | одреден напредок | 2 |
| Правосудството | натамошен напредок | 3 | ограничен напредок | 1 | ограничен напредок | 1 | генерално, одреден напредок; напредок во ефикасноста на судскиот систем, ограничен во независноста и квалитетот | 2 |
| Борба против корупцијата | добар напредок | 4 | одреден напредок | 2 | ограничен напредок | 1 | мал видлив напредок | 1 |
| ***I. 1.2.Човекови права и заштита на малцинствата*** | | | | | | | | |
| Почитување на меѓународното право на човекови права | постои правна и институционална рамка, ограничен напредок во унапредување и почитување на човековите права | 1 | постои правна рамка, некомплетна институционална рамка; ограничен напредок во унапредувањето и спроведувањето на човековите права | 1 | постои правна рамка, некомплетна институционална рамка; ограничен напредок во унапредувањето и спроведувањето на човековите права | 1 | ограничен напредок во унапредувањето и спроведувањето на човековите права | 1 |
| Граѓански и политички права | одредени чекори; умерено напредната | 2 | граѓанските и политичките права генерално се почитуваат; ограничен напредок | 1 | ограничен напредок | 1 | одреден понатамошен напредок | 2 |

| Критериум/ Поткритериум/ Поглавје | 2009 | | 2010 | | 2011 | | 2012 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Економски, социјални и културни права | одредени чекори; делумно ги исполнува приоритетите | 2 | воспоставени економски и социјални права, но ограничен натамошен напредок | 1 | воспоставени економски и социјални права, одреден натамошен напредок | 2 | одреден напредок | 2 |
| Малцински права, заштита на малцинствата и културни права | одреден напредок | 2 | напредок | 3 | одреден напредок | 2 | одреден напредок | 2 |
| ***I. 1.3. регионални прашања и меѓународни обврски*** | Активно регионално учество; развива билатерална соработка; прашање на името влијае на односите со Грција | 4 | Активен регионален партнер; развива билатерална соработка; прашање на името влијае на односите со Грција | 4 | Конструктивен апртнер во регионот, унапредува билатерлани односи, прашање на името продолжува да вијае на односите со Грција | 4 | Активно учествува во регионалната соработка и продолжува со унапредувањето на билатералните односи со соседите. Прашањето со името продолжува да влијае врз односите со Грција; потребен е конструктивен однос во пристапот кон соседите | 4 |
| **Генерална оценка** | **во доволна мера ги исполнува политичките критериуми** | | **продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми** | | **продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми** | | **продолжува во доволна мера да ги исполнува политичките критериуми** | |
| **II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** | многу напредната; се приближува кон исполнување на економските критериуми | | и натаму е многу напредната | | и натаму е многу напредната | | продолжува да е добро напредната | |

## III. СПОСОБНОСТ ДА СЕ ПРЕЗЕМАТ ОБВРСКИТЕ ОД ЧЛЕНСТВОТО

| | Напредок | | | | Ниво на усогласеност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поглавје | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| 1. Слободно движење на стоки | 2 | 4 | 2 | 4 | 2 | 3 | 3 | 4 |
| 2. Слобода на движење за работниците | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 |
| 3. Право на основање и слобода на обезбедување услуги | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 3 |
| 4. Слободно движење на капиталот | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 5. Јавни набавки | 4 | 3 | 3 | 2 | 4 | 3 | 5 | 4 |
| 6. Право на трговски друштва | 4 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 7. Право на интелектуална сопственост | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 |
| 8. Политика на конкуренција | 2 | 2 | 2 | 4 | 4 | 3 | 3 | 4 |
| 9. Финансиски услуги | 2 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 10. Информатичко општество и медиуми | 3 | 3 | 3 | 3 | 4 | 3 | 3 | 3 |
| 11. Земјоделство и рурален развој | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 |
| 12. Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика | 2 | 2 | 4 | 4 | 2 | 2 | 4 | 3 |
| 13. Рибарство | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 |
| 14. Сообраќајна политика | 4 | 2 | 3 | 1 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 15. Енергија | 2 | 2 | 4 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 |
| 16. Оданочување | 4 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 17. Економска и монетарна политика | 2 | 1 | 5 | 1 | 3 | 2 | 4 | 4 |
| 18. Статистика | 4 | 4 | 4 | 3 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 19. Социјална политика и вработување | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 | 2 | 2 |
| 20. Претпријатија и индустриска политика | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 21. Транс-европски мрежи | 3 | 2 | 3 | 3 | 4 | 3 | 4 | 3 |
| 22. Регионална политика и координација на структурните инструменти | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 23. Правосудство и фундаментални права | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 24. Правда, слобода и безбедност | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 4 | 4 | 4 |
| 25. Наука и истражување | 2 | 2 | 3 | 2 | 4 | 3 | 2 | 2 |
| 26. Образование и култура | 2 | 2 | 2 | 2 | 4 | 3 | 3 | 3 |
| 27. Животна средина | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 3 |
| 28. Заштита на потрошувачите и здравствена заштита | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 |
| 29. Царинска унија | 5 | 2 | 4 | 3 | 4.5 | 4.5 | 4 | 4 |

| | Напредок | | | | Ниво на усогласеност | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поглавје | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
| 30. Надворешни односи | 2 | 3 | 3 | 2 | 4 | 4 | 4 | 3 |
| 31. Надворешна, безбедносна и одбранбена политика | 2 | 4 | 4 | 4 | 4 | 5 | 5 | 5 |
| 32. Финансиска контрола | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 |
| 33. Финансиски и буџетски одредби | 2 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 |

## Објаснување за квантификација на оценките за напредокот и усогласеност

**Напредок**

| *Оценка* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| Регрес | (-5)-(-1) |
| Нема напредок; нема натамошен напредок | 0 |
| Нема суштествен напредок; нема особен напредок; незадоволителен напредок; бавен напредок; почетен напредок, ограничен напредок | 1 |
| Мал напредок; скромен напредок, определен напредок | 2 |
| Напредок; натамошен напредок | 3 |
| Добар напредок; видлив наредок; одржлив напредок; задоволителен напредок | 4 |
| Значителен напредок; важен напредок; суштествен напредок | 5 |

**Ниво на усогласеност:**

| *Оценка* | Нумеричка вредност |
|---|---|
| | |
| Не е започнато | 0 |
| Рана фаза; многу рана фаза; почетна фаза | 1 |
| Не е многу напреднато; напредува: полека напредува | 2 |
| Умерено напреднато | 3 |
| Напреднато, во напредната фаза | 4 |
| Добро напреднато | 5 |

**Д-р Малинка Ристевска Јорданова**
**М-р Александар Јованоски**
**М-р Билјана Стојаноска**